## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 10.09.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Филипов Н. Атанас, Стојанов Г. Атанас, Чучанов З. Лука и Митров Ѓ. Миле, по член 35/1.

ФК „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО„ Нов Дојран: Кортов Е. Бојан, Поп-Кочев М. Тимчо и Тасиќ И. Југослав, по члчен 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 13.09.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци, фудбалерите: Делов Г. Теодор од Градскиот Фубалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци и Лазаров Т. Никола од Фудбалскиот клуб „Тиквеш 2014„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 12.09.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Богдановски С. Стефан од ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/13.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2003/2
07.09. 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2003/1 од 04.09.2018 година против Кристијан Велиновски со ИД 121516, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Кит Го- ФК Брегалница 2008 АД поради добиени два жолти картони-црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Против **Кристијан Велиновски со ИД 121516, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Кит Го- ФК Брегалница 2008 АД поради добиени два жолти картони-црвен картон **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 02.09.2018 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2003/1 од 04.09.2018 година против Кристијан Велиновски со ИД 121516, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Кит Го- ФК Брегалница 2008 АД поради добиени два жолти картони-црвен картон, ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 01.09.2018 година е одигран натпреварот во рамки на **3** коло од Втора МФЛ помеѓу , Ф.К.Кит Го- ФК Брегалница 2008 АД на Стадион во Пехчево.Во 49 минута од натпреварот на играчот со број 77 **Кристијан Велиновски со ИД 121516, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД** му е доделен жолт картон поради неспортски однос,на истиот фудбалер во 85 минута од натпреварот му е доделен втор жолт картон-црвен картон поради неспортски однос. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК КИТ ГО**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 2003/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2004/2
07.09 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2004/1 од 04.09.2018 година против Илија Далчески со ИД 101134, фудбалер на ФК Лабуништа 2011 исклучен од натпреварот одигран на ден 02.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Скопје-Ф.К.Лабуништа 2011 поради добиен-црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Против **Илија Далчески со ИД 101134, фудбалер на ФК Лабуништа 2011** исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Скопје-Ф.К.Лабуништа 2011 поради добиен-црвен картон , **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 03.09.2018 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2004/1 од 04.09.2018 година против Илија Далчески со ИД 101134, фудбалер на ФК Лабуништа 2011 исклучен од натпреварот одигран на ден 02.09.2018 година во рамки на 3 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Скопје-Ф.К.Лабуништа 2011 поради добиен-црвен картон, ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 02.09.2018 година е одигран натпреварот во рамки на **3** коло од Втора МФЛ помеѓу , Ф.К.Скопје-Ф.К.Лабуништа 2011 на Стадион Железара во Скопје.Во 56 минута од натпреварот на играчот со број 5 **Илија Далчески со ИД 101134, фудбалер на ФК Лабуништа 2011** му е доделен директен црвен картон поради неспортски однос кон противнички фудбалер. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Лабуништа**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 2004/2

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2007/2
07.09 2018 год.

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2007/1 од 04.09.2018 година против Филип Ристовски со ИД 100450, фудбалер на ФК Силекс АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 4 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Победа АД поради добиени два жолти картони-црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Против **Филип Ристовски со ИД 100450, фудбалер на ФК Силекс АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 4 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Победа АД поради добиени два жолти картони-црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 02.09.2018 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2007/1 од 04.09.2018 година против Филип Ристовски со ИД 100450, фудбалер на ФК Силекс АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.09.2018 година во рамки на 4 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Победа АД поради добиени два жолти картони-црвен картон ,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 01.09.2018 година е одигран натпреварот во рамки на **4** коло од Прва МФЛ помеѓу , Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Победа АД на Стадион во Кратово.Во 32 минута од натпреварот на играчот со број 11 **Филип Ристовски со ИД 100450, фудбалер на ФК Силекс АД** му е доделен жолт картон поради туркање на противнички играч во 68 минута на истиот фудбалер му е доделен втор жолт картон-црвен картон поради спречување на ветувачка акција за гол. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Силекс АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 2007/2

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1943/2
07.09 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – член,Сашка Зердеска-член, Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1943/1 од 29.08.2018 година против Ф.К.Плачковица поради слаба организација (фрлање на пластични шишина во терен и ненавремено обезбедување на Брза Помош на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на ден 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-ГФК.Тиквеш на Градски Стадион во Радовиш, на седницата одржана, на 07.09.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **Ф.К.Плачковица СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 300(триста) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Ф.К. **Плачковица** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1943/1 од 29.08.2018 година против Ф.К.Плачковица поради слаба организација (фрлање на пластични шишина во терен и ненавремено обезбедување на Брза Помош на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на ден 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-ГФК.Тиквеш на Градски Стадион во Радовиш, постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот (Ф.К.Плачковица)

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Домашната екипа на Ф.К.Плачковица имала ангажирано клубска редарска служба на натпреварот Ф.К.Плачковица-ГФК.Тиквеш на Градски Стадион во Радовиш одигран на ден 25.08.2018.

Домашната публика во 88 минута од натпреварот од трибината фрлила пластични шишна на теренот во 90 минута на натпреварот било фрлено уште едно пластично шише на теренот упатено кон вториот помошник судија на натпреварот.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ, одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Плачковица**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1944/3
07.09 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-1944/1 од 26.08.2018 година против Гордан Здравков Шеф на стручен штаб на Ф.К.Плачковица поради неспортски однос –вербален напад кон главниот судија на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на Градски Стадион во Радовиш, на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Гордан Здравков Шеф на стручен штаб на Ф.К.Плачковица,му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.
2. Казната почнува да тече од 26.08.2018 година.
3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување за бр. 15-1944/1 од 26.08.2018 година против Гордан Здравков Шеф на стручен штаб на Ф.К.Плачковица поради неспортски однос –вербален напад кон главниот судија на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на Градски Стадион во Радовиш, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на 25.08.2018 година ,утврдува дека **Гордан Здравков** Шеф на стручен штаб на Ф.К.Плачковица во 88 минута од натпреварот бил исключен од натпреварот (отстранет од клупата) поради неспортско однесување и упатување вулгарни зборови,вербален напад кон главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ. Комисијата одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Плачковица**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-1944/3

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1939
07.09 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-1939/1 од 26.082018 година против Агрон Мерко Кондиционен тренер на Ф.К.Кораби поради неспортски однос –приговор кон главниот судија на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 26.08.2018 година помеѓу Ф.К.Лабуништа 2011-Ф.К.Кораби одигран на Градски Стадион во Струга, на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Агрон Мерко Кондиционен тренер на Ф.К.Кораби** ,му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.
2. Казната почнува да тече од 27.08.2018 година.
3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-1939/1 од 26.082018 година против Агрон Мерко Кондиционен тренер на Ф.К.Кораби поради неспортски однос –приговор кон главниот судија на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 26.08.2018 година помеѓу Ф.К.Лабуништа 2011-Ф.К.Кораби одигран на Градски Стадион во Струга, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,изјава од пријавениот. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од Ф.К.Лабуништа 2011-Ф.К.Кораби одигран на 26.08.2018 година ,утврдува дека **Агрон Мерко Кондиционен тренер на Ф.К.Кораби** во 75 минута од натпреварот бил исклучен од натпреварот (отстранет од клупата) поради неспортско однесување и упатување вулгарни зборови, кон главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ. Комисијата одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Кораби**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-1939/3

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1942/3
07.09 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-1942/1 од 26.08.2018 година против Дарко Милентиевиќ Комет администратор на Ф.К.Плачковица поради вулгарен однос кон судиската четворка,како и за одбивање на вметнување исклучениот тренер на Ф.К.Плачковица во комет записникот на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на Градски Стадион во Радовиш, на седницата одржана на ден 07.09.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Дарко Милентиевиќ Комет администратор на Ф.К.Плачковица,**му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.
2. Казната почнува да тече од 26.08.2018 година.
3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-1942/1 од 26.08.2018 година против Дарко Милентиевиќ Комет администратор на Ф.К.Плачковица поради вулгарен однос кон судиската четворка,како и за одбивање на вметнување исклучениот тренер на Ф.К.Плачковица во комет записникот на натпреварот одигран во рамки на 2 коло Втора МФЛ одигран на 25.08.2018 година помеѓу Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на Градски Стадион во Радовиш, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,изјава од пријавениот. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од Ф.К.Плачковица-Ф.К.Тиквеш одигран на Градски Стадион во Радовиш одигран на 25.08.2018 година ,утврдува дека **Дарко Милентиевиќ Комет администратор на Ф.К.Плачковица**,вулгарно се однесувал кон судиската четворка на натпреварот со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ,и одбил да го внесе исклучувањето на домашниот тренер Гордан Здравков во комет записникот со што сторил прекршок предвиден во член 85(занемарување на обврски) . Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Деловоден бр. 0801-1942/3

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Плачковица**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**